## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30.12.2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11.19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Горан Мисовски, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Хајрула Месини, Даут Реџепи, Имер Селмани, Славица Грковска Лошкова, Маринела Тушева, Фијат Цановски, Томе Чинговски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија.

Комисијата за образование наука и спорт, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт да ја образложи основната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт, Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господин претседател, почитувани колеги пратеници, Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 29.12.2008 година го разгледа Статутот на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола во второ читање.

Комисијата констатираше дека предлагачот на Статутот во утврдениот рок во членот 187 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, има постапено според дадените забелешки во првата фаза. Во согласност со членот 9 став 4 од Законот за високо образование, според кој Собранието на Република Македонија дава согласност за Статутот на јавниот Универзитет.

Комисијата предлага на Собранието да го дополни дневниот ред на оваа седница со Предлог одлуката за давање согласнсот за статутот на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисјата, Предлогот на одлуката за давање согласност на Статутот на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Гласањето не е полноважно. Го поништувам гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата има 61 пратеник.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Со оглед на тоа дека нема претставник од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана, ги повикувам претставниците да бидат присутни за да можеме да поминеме на понатамошно одлучување во Собранието.

Со оглед на тоа дека има присутен претставник од Владата, продолжуваме понатаму.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Предлогот на Законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста, Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи.

Молам службите да обезбедат картичка да се пријави.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Џевад Бучи:** Со влегување во сила на Законот за придонеси од задолжително пензиско осигурување, “Службен весник на Република Македонија” број 142 од 2008 година и воведувањето на новиот концепт на бруто плата,при што, под плата се подразбира пруто платата, а воедно трошоците за превоз до и од работа и за храна, стануваат составен дел на платата и претставуваат основица на кои се плаќаат задолжителните социјални придонеси, се

наметнува потребата да се изврши прецизирање на наведените одредби од Законот за внатрешни работи, со цел нивно усогласување со предметниот Закон.

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, се врши усогласување на Законот за внатрешни работи со Законот за придонеси од задолжително пензиско осигурување, со кој се воведува новиот концепт на бруто платата.

Со членот 1 од Предлогот на законот, се врши менување на членот 47 од Законот за внатрешни работи, на начин што во ставот 1 од наведениот член во алинеја 2 се бришат зборовите "превоз и храна", со оглед на фактот што со новиот концепт на бруто плата овие надоместоци стануваат составен дел на платата во вкупен износ и претставуваат основица на кои се плаќаат задолжителните социјални придонеси. Во ставовите 3 и 4 од истиот Закон се прецизира дека припадниците на резервниот состав кои не се во работен однос и имаат право на паричен надоместок во висина на нето плата на припадник на Министерството за внатрешни работи на работно место полицаец за полно работно време и просечен учинок, односно дека припадниците на резервниот состав имат право и на разлика од надоместокот од ставот 2 на овој член со висината на нето платата на работник на Министерството за внатрешни работи.

Наведеното дека основица за пресметување на овие парични надоместоци е нето платата што му се исплаќа на работник на Министерството за внатрешни работи на работно место полицаец.

Прецизирање во оваа смисла се врши во членовите 2, 3 и 4 од Предлогот на законот, со кој се менуваат членовите 57, 62 и 69 од Законот за внатрешни работи, што се однесува на одредени права на работниците на Министерството за внатрешни работи, поврзано со исплата на плата, односно поврзано со одредените парични надоемстоци.

Значи, со овој Предлог на закон се врши усогласување на Законот за внатрешни работи со новиот концепт за плата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменвување и дополнување на Законот за внатрешни работи го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, за гласаа 63, воздржани нема, 2 гласаа против.

Констатирам дека Предлогот на Валдата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на членот 171 став 1 од Деловникот на Собранието, ги задолжувам Комисијата за одбрана и безбедност, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија, да расправаат по Предлогот на законот, да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите.Ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за полиција.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста, Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Џевад Бучи:** Исто така со новиот Закон, односно со новиот концепт на плата, изискува измена и дополнување на Законот за полиција.

Во членот 11 став 2 од Законот за полиција е утврдено дека полицискиот службеник кога ќе го загуби животот во вршењето или во врска со вршењето на полициските работи, ќе се погреба на трошок на Министерството за внатрешни работи на местото кое ќе го определат членовите на неговото семејство.

Согласно ставот 2 од истиот член на семејството на полицискиот службеник му припаѓа еднократен надоместок во висина од вкупниот износ од остварените плати во последните 24 месеци, или во полицијата да се вработи член од потесното семејство на загинатиот полицаец, кој ќе ги исполнува условите за прием во полицијата.

Со влегување во сила на Законот за поединости од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и воведувањето на новиот концепт за бруто плата, при што под плата се подразбира бруто платата, со предложениот член во законот се врши прецизирање на одредбата од член 111 од Законот за полиција, во смисла дека на семејството на полицискиот службеник кој ќе го загуби животот при вршењето, или во врска со вршењето на полициските работи, му припаѓа еднократен надомест во висина од вкупниот износ на оставрените нето плати во последните 24 месеци.

Значи, се забележува наместо 24 плати што беше предвиденос о постоечкиот Закон, сега со овој Предлог на закон се врши прецизирање на 24 нето плати. Таа е разликата што ја предлагаме со овие предлог мерки.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за полиција го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, за гласаа 61, воздржани нема, 1 гласаше против.

Констатирам дека Предлогот на Валдата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на членот 171 став 1 од Деловникот на Собранието, ги задолжувам Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот, за да можам врз основа на членот 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување амандмани за седниците на комисиите, ги молам, претсеателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија, предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменвување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлоготна законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Емил Димитриев:** Благодарам претседателе.

Итноста се однесува на тоа што со Законот за служба во Армијата, меѓу другото го регулира и системот за исплата на плати. Бидејки сега се носи систем за исплата на бруто плати, ние мораме да го адаптираме на овој закон и затоа имаме измени во неколку членови, кои што претежно се од терминолошки карактер и затоа сметаме дека итноста е оправдана и Собранието да го разгледа овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Валдата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието, ги задолжувам Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот, за да можам врз основа на членот 151, став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 5 години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

Предлог на одлука за именвување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги.

Предлог на одлука за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци и

Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашањата на изборите и именвуањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата да ја образложи основната и неодложна потреба, овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Согласно Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2009 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 147, утврдено е дека во 2009 година ќе се одбележи јубилејниот годишен настан 5 години од загинувањето на претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, чиј носител е Собранието на Република Македонија.

Имајки го во предвид наведеното, потребно е навремено да се утврди составот на одборот за одбележување на 5 години од загинувањето на претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски.

Заради наведените причини, предлагам Собранието да ја донесе Предлог одлуката за избор на претседател и членови на одборот за одблежување на денешната седница.

Согласно член 76 точка 1 од Законот за железници, предвидено е да се основа регулатотрно тело, истото да почне со работа најдоцна до 1.01.2009 година.

Собранието на Република Македонија, го донесе Законот за Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги и истиот е објавен во "Службен весник на Република Македонија ". Заради навремено започнување со работа на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги, според рокот предвиден во Законот за железници, т.е. најдоцна до 1.01.2009 година, предлагам Собранието да ја донесе предложената Предлог одлука.

Заменик директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци Зоран Пандев на негово

барање беше разрешен  во октомври месец 2008 година.

Врз основа на пријавените кандидати согласно одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци., Комисијата за прашања на изборите и именвуањата  утврди Предлог одлука з аизбор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци и му предлага на Собранието да ја донесе истата заради континуитет во работата на Дирекцијата.

Врз основа на предлозите од пратеничката група на ДПА за потполнување на составот на две работни тела Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди Предлог Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и заменици  на претседатели, членови и   нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија .

Дополнувањето е со цел доследно да се реализира деловничките одредби за целосен состав на работните тела на Собранието.

Затоа предлагам Собранието на Република Македонија како дополнување на денешната седница да ги донесе предложените Предлог одлуки од Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прелдогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за избор на претседател и членови на одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника. Сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата , Предлогот на Одлуката за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. Сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата , Предлогот на Одлуката за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на лични податоци да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. Сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите , членови  и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. Сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Одлука за  избор на претседател и членови на одборот за одбележување пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија  Борис Трајковски.

2. Предлог на Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги.

3. Предлог на Одлука за избор на  на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

4. Предлог на Одлука за допоолнување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседатели и членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија

5. Предлог на Одлука за   именување на заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници

6. Предлог за именување член на комсијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер

7. Предлог на Одлука за давање согласност на статутот на Универзитетот Св. Климент Охридски-Битола.

8. Предлог на Закон за ратификација на факултативниот протокол кон конвенцијата против тортура и друг вид на суровост, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

9. Предлог на Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европската заедница за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската ккомисија на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента В (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош.

10. Предлог на Закон за ратификација на протоколот за измени и дополнувања на меѓународната конвенција за поедноставување и усогласуваљње на царинските постапки.

11. Предлог на Закон за изменување на законот за заштита на правата на пациентите  - прво читаање.

12. Прелдог на Закон за дополнување на Законот за парнична постапка - прво читање.

13. Предлог на Закон за изменување и дополнување за извршување - прво читање.

14. Барање за давање автентично толкување на член 6 точка 22 од Законот за персоналниот данок на доход, а во врска со член 97 од Законот за работни односи поднесен од пратеникот Дарко Димитриевски.

15. Барање за давање автентично толкување на член 11 од Законот за јавна чистота поднесено од градоначалникот на општина Василево.

16. Предлог на Закаон за изменување и дополнување на законот за внатрешни работи по скратена постапка.

17. Предлог на Закон за дополнување на законот за полиција, по скратена постапка

18. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија по скратена постапка.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Бидејќи нема предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред гласаа вкупно 67 пратеници. Од нив за гласаа 66 пратеници, нема воздржани и еден пратеник против. Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправата по точките од дневниот ред ве потсетувам дека член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на законодавно поравната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Минуваме на точката 1 Предлог на Предлог на Одлука за избор на претседател и членови на одборот за одбележување пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници. Сите 74 гласале за нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Предлог на Одлука за избор на претседател и членови на одборот за одбележување пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

Минуваме на точка 2 Предлог на Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. Сите 64 гласале за нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Предлог на Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги

Минуваме на точка 3 Предлог на Одлука за избор на на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. Сите 64 гласале за нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Предлог на Одлука за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Минуваме на точка 4 Предлог на Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседатели и

членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници. Сите 67 гласале за нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Предлог на Одлука за дополнување на Одлуката избор на претседатели и заменици,членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија

Минуваме на точка 5 Предлог на Одлука за именување на заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60пратеници. Сите 60 гласале за нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точниот број на присутни пратеници во салата

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата има 73 пратеници така да констаитрам дека е полноважно гласањето.

Констатирам дека Агрон Сефери е именуван за заменик на Директорот на Агенцијата за државни службеници.

Минуваме на точката 6 Предлог за именување член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека општиот претрес е завршен.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. Сите 59гласале за нема воздржани, нема против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 70 пратеници, така да полноважно е гласањето.

Констатирам дека Билјана Петковска е именувана за член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на одлука за давање согласност на статусот на Универзитетот “Свети Климент Охридски” - Битола.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника, од нив за гласаа 69 пратеника, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на статусот на Универзитетот “Свети Климент Охридски” - Битола.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ е пријавена госпоѓа Бендевска Весна и во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ господин Спасеноски Александар.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на Социјал Демократскиот Сојуз ќе го подржи предлог законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на

сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Јас претпоставувам и многу е нормално секој од нас да биде подзафатен од предпразнична треска, но дозволете во овој момент пред нас е Предлог закон за ратификација на еден факултативен протокол, што беше една од обврските спомнати во Извештајот на Европската комисија за напредокот во Република Македонија. Затоа, го поздравуваме овој Предлог закон, но дозволете господине претседател да ви упатам лично забелешка до вас, требаше да споменете и дека Постојаната комисија за слободите и правата на граѓанинот го разгледуваше овој Протокол, бидејќи се пријави како заинтересирано работно тело. На таа седница присуствуваа и претставници од граѓанските здруженија, претставник на Омбдуцманот на Република Македонија, релевантни фактори кои ја покриваат областа на она што значи подобрување на човековите права во Република Македонија. Да, напоменам област каде што бевме можеби најлошо оценети во периодот од страна на Европската комисија.

Почитувани колеги, не мора ни да внимавате, Република Македонија иако во Извештајот од Комисијата за надворешна политика стои една констатација дека класична тортура во нашата држава не е забележана, дозволете, но евидентни се лошите услови во казнено поправните домови. Не е само проста констатација, тоа е факт. Тоа е факт за кој говорат и двата последни извештаи на Подкомитетот од страна на Советот на Европа на два пати пратен за да изврши навистина сериозна мисија за условите околу состојбата на затворите во Република Македонија. Катастрофален извештај. Дајте малку работите да ги гледаме во форма како што ни се доставуваат. Во 2007 Извештајот беше катастрофален, потоа следеше одговор од страна на претставниците на Владата на Република Македонија кои за жал една ненајавена адхок посета на Меѓународниот комитет покажа дека Република Македонија испратила невалиден извештај. Дека говорела за подобрување на условите кои за жал повторно Меѓународниот подкомитет ги констатирала како лажна информација. И Република Македонија навистина доживеа скандалозна одлука за примена на членот 10 став 2 од Конвенцијата за заштита против тортура. Затоа, вредеше и требаше пред во форма на Предлог закон да се достави во собраниска процедура факултативниот протокол да се запазат условите за кои беа договорено на Конференцијата на 13 март 2008 година на која освен претставници на властите учествуваа и претставници на граѓанското општество и Народниот правобранител.

Почитувани колеги, овој факултативен протокол значи чекор напред на Република Македонија подобрување на превентивата во областа на заштитата на лицата кои во даден момент се лишени од слободно движење. И тоа не се само затворските установи, тука се и лицата кои одат во притвор, лицата кои се лишуваат, во психијатриските установи итн. Заради тоа да потсетам дека претставниците на граѓанското општество и властите се договориле дека околу спроведувањето на опкатот подобро е прво да се обмисли спроведувањето во пракса и дефинирањето на националниот превентивен механизам отколку да се брза со ратификацијата.

За жал претставниците на невладините организации се пожалија дека сепак не биле консултирани онака како што било договорено во март месец 2008 околу изготвувањето на овој Предлог закон за ратификација на Факултативниот договор. Но со оглед на тоа што претстои цела година во која Република Македонија после изгласувањето на ратификацијата на Факултативниот протокол ќе може и ќе има време да го осмисли за да може ефикасно и да делува националниот превентивен механизам за заштита против тортура и друг вид на сурово нечовечко или понижувачко однесување. И ние тоа ќе го поддржиме и ќе го поздравиме. Но бидејќи сега меѓу нас пристигна и почитуваниот министер за правда господинот Маневски, кој за волја на вистината испрати претставници од Министерството за правда како еден од претставниците на Владата за изготвување на овој закон за ратификација жалам што свои претставници не испрати Министерството за надворешни работи како најповикано да одговори на двете клучни прашања. Зошто во собраниска процедура е доставен закон за ратификација каде што се вели, дозволете да цитирам по образложението кон предлогот на овој закон дека “со усвојувањето на овој закон за ратификација нема да бара донесување на нови или измена на важечки закони”. Ние на седница на комисијата се сложивме дека и тоа како ќе има потреба од изменување на поголем број закони, како што се Кривичниот закон кој во овој момент не предвидува никој кој не е согласно тој закон предвиден да може слободно ненајавено да врши посета на затворските установи, онаму каде што лицата се оневозможени, спречени слободно да се движат. Оценката за потребата од ангажирање на финансиски средства од буџетот на Република Македонија, Министерството за надворешни работи истакнува дека за спроведување на овој меѓународен договор не било потребно ангажирање на финансиски средства од буџетот, што апсолутно е неточно. Со оглед на тоа што во Предлог законот Народниот правобранител е назначен од страна на Република Македонија како национален превентивен маханизам, сите тие посети кои Народниот правобранител заедно со претставниците од невладините организации ќе имаат право да ги вршат овие посети со цел да се подобри превентивата од сурово нечовечко или понижувачко постапување во овие установи, некој ќе треба да сноси и финансиски импликации, а тоа се разбира мора да биде на товар на буџетот на Република Македонија. Сеедно, поддржувајќи

го овој Предлог закон за ратификација како пратеничка група предлагаме иницијатива од страна на Министерството за правда, но и Министерството за надворешни работи во еден транспарентен отворен процес на јавни расправи да дискутираме каде ќе реагираме во измена на постојната законска регулатива што ќе е неопходно со примената и усвојувањето на овој закон за ратификација, со цел Република Македонија во следниот извештај на Европската комисија во ноември 2009 година да биде забележана и маркирана дека навистина направила нешто околу подобрувањето на условите, не само во затворските затворени установи, туку и во психијатриските установи, но и во институциите каде што лицата се задржуваат или се притвораат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател,

Почитувани колеги, само како надополнување на ова што почитуваната колешка Бендевска го кажа со многу драматика, сметам дека за овој закон за ратификација треба, пред се, трезвеност, рационалност и многу едукативност. Тоа стои уште во воведот на Законот за ратификација во преамбулата. Значи, оваа проактивност на нашата земја во превенција и од меѓународен аспект и од национален превентивен механизам, значи пред се едуцирање за превенција во борбата против тортура. Тортурата не е вчерашен термин, не е специфика на нашата земја, низ сите можни цивилизациски тековини таа била до почетокот на 18 век законско средство за изнудување на признание на осуденици. Меѓутоа уште во 18 век европските земји ја забрануваат, но сеуште е присутна. Советот на Европа во 2006 година испрати порака до сите членки свои и аспиранти дека тортурата не е прифатлив како облик на култура на казнување и најстрого се забранува. Сметам дека ова што почитуваната колешка Бендевска сакаше да го напомене дека Република Македонија има препознатлив односно е препознатлива по облиците на тортура и во формите на правата на лица лишени од слобода сметам дека не држа место. Исто така, пропуштив дека Народниот правобранител во членот 3 од оваа ратификација е надлежниот национален превентивен механизам. Република Македонија и Европската конвенција за тортура има ратификувано уште на 17 ноември 1991 година. Конвенцијата за тортура содржи 33 члена. Овој документ што денес го ратификуваме содржи 37 члена и е операционализација на се она што Конвенцијата за тортура успеала како свој инструмент да не најде одредена примена. Кажав како пример во Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија овој оперативен инструмент е и тоа како неопходен и корисен затоа што ратификувана конвенција за тортура сите бивши ју републики во 1991 година ја ратификуваат конвенцијата за тортура. Но, после тоа навлегоа во една невидена борбена еуфорија меѓу себе, гладијаторска борба едни против други. Сметам дека овој инструмент е неопходен за Република Македонија но во насока на превенција, за едукација и подобрување на условите на сите луѓе лишени од правото на слобода. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Колега Шутаров, требаше многу повнимателно да го прочитате Извештајот на Европската комисија, поглавје 2, точка 2 Човекови права и слободи. Тука ќе најдете многу широка елаборација дека ситуацијата во овој поглед во Република Македонија апсолутно не е розова. Уште ако се потрудевте, а ако сакате и имате волја ќе ви ги дадам и извештаите од страна на двете посети организирани од страна на Советот на Европа, господинот Хамар Берт беше присутен и двете посети на ЦПТ на Македонија каде што апсолутно добиваме црвен картон. Ако тоа за вас е нешто што треба да се премолчи, не е во ред. Целата ваша елаборација околу тоа дали треба или не треба да се донесе Факултативниот протокол, апсолутно кажав СДСМ го поздравува и го поддржува донесувањето на Законот за ратификација, но се плаши каква ќе биде имплементацијата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Спасеноски Александар, повелете.

**Александар Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Со денешното усвојување на Факултативниот протокол кон Конвенцијата на Обединетите нации против тортура и друг вид на човечко понижувачко постапување и казнување, Република Македонија станува дел од групата на преку 40 држави кои го имаат ратификувано истиот, меѓу кои Француската Република, Германија и Обединетото Кралство, како и нашите соседи Република Албанија, Босна и Херцеговина и Република Словенија.

Конвенцијата на Обединетите нации против тортурата која стапи на сила во 1987 година претставува институционален одговор на светот, на разните облици на нехуман и ненчовечки третман кон луѓето на разните страни од светот во кој што живееме.

Република Македонија со пристапувањето кон Конвенцијата на почетоците од својата независност во ноември 1997 година даде свој придонес во функција на остварување на таквата цел, а денешниот меѓународен поредок воспоставен по завршувањето на Втората светска војна и основањето на Организацијата на Обединетите нации. Фактот дека денес повеќе од 146 држави имаат пристапено кон споменатата конвенција против тортура говори за цврстата

определба на демократските нации и држави преку поставување на јасни правила да се обидат да го осигураат почитувањето на човековите права и слободи и во последното ќоше од светот како врвна цивилизациска вредност. Европските држави од своја страна пак во рамките на Советот на Европа, организацијата која во 1949 година се обидува на просторите на стариот континент да ја развие свесноста на субјектите на меѓународното право во однос на почитувањата на човековите права и слободи, со усвојувањето на Европската конвенција дополнително влијаеја во насока на зацврстување на нормите на меѓународното право од оваа област. Во таа смисла факултативниот протокол кон Конвенцијата на Обединетите нации против тортурата кој денес ќе го усвоиме, претставува дополнителен чекор напред во насока на спречување на сите облици на нехуман и нечовечки третман.

Целта на Протоколот е да се воспостави систем на редовни посети спроведени од страна на независни меѓународни национални тела на местата каде лицата се лишени од слободата со цел за спречување на тортура или друг вид сурово нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Заради остварување на спомenатата цел со факултативниот протокол се предлагаат две суштински нешта.

Прво, се предвидува основање на меѓународен комитет за превенција на тортурата.

Второ, државите потписнички се обврзуваат во рамките на своите држави и законодавства да воспостават национални превентивни механизми за превенција на тортурата.

Меѓународниот комитет во кој секоја држава може да предложи свои државјани за членови од редот на истакнати лица со професионално искуство на полето на спроведувањата на правдата ќе има за цел да организира разни облици на мониторирање, додека пак на домашно ниво таквата улога ќе им биде доверена на членовите на националните превентивни механизми.

Почитувани колеги пратеници, Република Македонија како мала држава има обврска да се придржува до нормите на меѓународното право кои ја осигуруваат нашата еднаквост со останатите држави.

Во таа смисла во името на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ сакам да ве известам дека со задоволство ќе гласаме во прилог на Законот за факултативниот протокол кон конвенцијата на Обединетите нации против тортура и друг вид не човечки или понижувачко постапување и казнување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на факултативниот протокол кон конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

**Минуваме на точката 9.-**

Процедурално госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарама претседателе,

Мора да укажам дека веќе неколку пати се случува да гласам, а гласањето да не биде регистрирано. Барам и овој пат, бидејќи неколку пати притиснав на копчето да се регистрирам дека сум гласала за оваа точка, за овој закон и да се провери системот за гласање, бидејќи може да се случи за могу други сериозни гласања да не се регистрираат пратениците како гласаат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Службите ќе проверат во однос на системот за гласање.

Тогаш констатирам дека 71 пратеник гласале за.

**Минуваме на точката 9.- Предлог на закон за Ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската комисија на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента В (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи никој не се пријавил за збор, продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон за кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, сите 72 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на

европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската комисија на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента В (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош.

**Минуваме на точката 10. - Предлог на закон за Ратификација на протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи никој не се пријавил за збор, продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон за кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, сите 73 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки.

**Минуваме на точката 11. - Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите - прво читање.**

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министерот за здравстов, госпоѓа Роза Топузова Каревска, господин Менде Диневски, госпоѓа Станка Анастасова, госпоѓа Јулијета Марку.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со законот за заштита на правата на пациентите се уредува заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи, работници и здравствени соработници и Фондот за здравствено осигурување во унапредување и заштита на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот на спроведувањето на Законот.

Со Законот се унапредуваат правата на пациентите преку обезбедување на правна помош и насочување во реализација на нивните права утврдени со овој Закон и преку воспоставување на советници за заштита на правата на пациентите во здравствените установи како лица кои се независни од здравствените установи каде физички се сместени од каде ја вршат својата функција, а се назначени од страна на Министерството за здравство и од редот на вработените во Министерството за здравство.

Меѓутоа, во објавениот текст дошло до изместување на текстот на членот 45 став 1 кој гласи: "за извршување на обврските од член 44 од овој закон, здравствената установа во која се сместуваат пациенти назначува советник за заштита на правата на пациентите од редот на вработените во Министерството за здравство, а треба да гласи Министерстсвото за здравство во здравствената установа во која се сместуваат пациентите назначува советник за заштита на правата на пациентите од редот на вработените во Министерството за здравство"

Поради тоа произлезе потребата од изменување на Законот за заштита на правата на пациентите со чие донесување ќе се овозможи спроведување на одредбите на овој закон во интерес на обезбедување на заштита на правата на пациентите. Ви благодарам.

(во 12,30 часот со седницата продолжи да раководи Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието)

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за здравсство,

Не беше така одамна кога беше доставен овој закон во Собраниска процедура и тогаш кажав дека е еден од најконтроверзните закони и токму поради тоа имав поднесено повеќе од 40 амандмани. За волја на вистината мора да признам дека од страна на тогашниот министер за здравство беа прифатени околу 34 од моите амандмани и се надевав дека со тоа нешто ќе се подобри квалитетот на овој закон, меѓутоа, морам да признам дека неговата имплементација оди многу тешко во здравствените установи.

Вината не ја гледам ниту во вработените во здравствените установи, докторите, ниту останатиот персонал, туку напротив, болниците и останатите здравствени установи немаат

соодветни услови за да можат да имплементираат одреден број на членови од Законот кој е донесен. Токму поради тоа сметам дека најмногу што се направи е скапата реклама која одеше на електронските медиуми за заштита на правата на пациентите и големите билборди со кои беа украсени сите здравствени установи на кои беа истакнати дел од одредбите од тој закон. За жал, реков, многу малку од нив се спроведуваат затоа што здравствените установи ги немаат тие услови.

Кажете ми, почитуван министер, во која здравствена установа, еве сега ми паѓа на памет еден член од тој закон кој велеше дека секој пациенти во зависност од полот, па дури и возраста, треба да биде сместен одделно, што значи во една просторија да не бидат сместени од различен пол пациенти или оние кои имаат до 18 години да бидат сместени во различна просторија од оние што имаат над 18 години.

Мојот амандман беше во насока да бидат, знаејќи ги условите во здравствените установи, да бидат оделени со паравани, колку толку да биде заштитена интимноста. Меѓутоа, почитуван министер, во одредени здравствени установи ниту тоа го има. Сум била во посета на мои блиски пациенти сум забележала дека овој член не се почитува не поради тоа што не сакаат, туку затоа што едноставно ги немаат тие услови.

Можам и понатаму да набројувам, ниту нешто подобро се снабдени со лекови здравствените установи ниту пациентите добиваат поразличен третман од оној што го имаа пред носење на законот, па таму каде што имаше недостатоци си останаа и сеуште се такви, а односот на здравствените работници, оние кои и пред тоа си ја почитуваа својата струка и добро си ја обавуваа работата, продолжија така да работат, а другите си останаа исти како што си беа.

Не очекувам ниту со носењето на овој закон дека нешто повеќе ќе се заштитат правата на пациентите, како што пишува овде дека со законот се уредува заштита на правата на пациентите со користење на здравствената заштита, должностите на здравствените установи, здравствените работници и соработници, општините и Фондот за здравствено осигурување во унапредување и заштита на правата на пациентите постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзор на спроведување на законот.

Дали со вработувањата од страна на Министерството кое ќе ги назначи во секоја здравствена установа, со нешто ќе се подобрат правата на пациентите? Не. Само пред изборите ќе има можност, како што целокупната држава ни е партизирана, да се вработат уште по еден во сите здравствени установи и тоа некој кој наводно ќе се грижи за правата на пациентите.

Јас не сум за да не се вработува во здравствените установи. Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, сметам дека вработувањето, макар и на еден лекар и повеќе во здравствената установа ќе биде од поголема корист за правата на пациентите и за заштита на здравјето на луѓето отколку вработување на некој што ќе има само посебна канцеларија и ќе се грижи наводно ќе прави контрола дали докторите и останатите здравствени работници ги почитуваат правата на пациентите.

На здравството му требаат сериозни реформи и мислам дека со ова нема во голема мера да се придонесе во подобрување на правата на пациентите. И тогаш и сега ќе кажам дека законот кој го донесовме имаше многу недостатоци и затоа сега ќе следуваат, очекувам дека ова нема да биде првата измена, но и тогаш и сега апелирам до министерот час поскоро да се достави до Собранието закон за доктори. Кога ќе го имаме тој закон, тогаш ќе можеме да говориме за вистинска заштита на правата на пациентите. Само така ќе може пациентите да го добијат она што треба да го добијат според законот, а во истовреме и докторите ќе можат непречено да си ја обавуваат својата работа.

Што е уште најважно, со тој закон и овие два закони тогаш ќе расне довербата помеѓу докторот и пациентот. Се додека пациентите немаат доверба во докторите и останатиот персонал, мислам дека многу потешко ќе се спроведуваат сите други одредби. Бидејќи почитуваниот министер е доктор знае колку е важно и за текот на лекувањето кога пациентот има доверба во докторот. Не само на психолошкото влијание кое го има, туку и за целокупниот тек кој треба да се спроведува и почитува.

Со Законот за правата на пациентите, со одредени одредби, дури и пред усвојувањето на амандманите поднесени од моја страна, мислам дека во многу неповолна ситуација беа донесени и докторите и останатите здравствени работници, а со тоа и самите пациенти и до крајна мера ќе се разнишаше взаемната доверба меѓу овие категории.

Сосема на крај, конкретно на законот, не знам зошто мислите дека доколку Министерството за здравство ги назначува овие советници ќе биде посоодветно отколку здравствената установа. Доколку со ова се сакало да се избегне да не биде човекот самата здравствена установа, можеби поради тоа ќе ги штити своите колеги, а од друга страна ќе ги брани правата на пациентите, јас не сметам така затоа што сметам дека најголем број доктори, најголем број совесно, одговорно и пожртвувано си ја обавуваат својата работа.

Значи, записите во 71 локална станица се следат само тековно од страна на авторизирани лица кои ќе ги назначат директорите. Значи, истите луѓе кои можат и без камери да ги видат луѓето само што сега интегрирано ќе ги видат, додека во архивите, записите можат да се користат односно земаат само со писмено барање на министерот за здравство во кој што ќе се елаборира потребата од користење на тие записи, а по барање на судот или по барање на министерот, така да се

елиминираат сите ризици за злоупотреба на овие записи.

Во однос на политиката на лековите исто така е во фаза на реформи, воспоставувањето на единствените цени и рефрентните цени и значително ја зголеми и достапноста на лековите, меѓутоа и ја намали цената на лековите за неколку проценти, во некои случаи и до 400% за одредени лекови, а сега ја подготвуваме и методологијата за утврдување на цената на лековите со што и до минимум ќе се сведат било кои субјективни одредувања на цените на лековите.

Сепак да резимирам. Значи, оваа измена на законот е од техничка природа односно само се поправа изместувањето, а дебатата за реформите во здравството ќе ја одржиме во било која природа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Диневски Менде:** Благодарам потпретседателке.

Значи, покрај сите натрупани проблеми во здравството министерот дефинитивно не се откажува од проектот за камерите во болниците. Ние дефинитивно немаме листа на приоритети, не е битно тоа дека немаме лекови, потрошен материјал по болниците и по клиничкиот центар. Битно е дека ќе ги снимаме пациентите и лекарите за да може, како што вика и самиот министер, да се подобреле здравствените услуги и здравството да станело поефикасно. Но, не знам како здравството ќе стане поефикасно ако лекарите немаат со што да го прегледаат пациентотили пак ако немаат со што да го лекуваат.

Јас знам дека вие треба да го браните проектот од околу милион евра кој е континуитет на Владата на ВМРО ДПМНЕ каде што навистина околу 1200 камери ќе имаме ставени во функција во 64 здравствени установи, но она за што сметам дека навистина треба да знаеме е тоа дека навистина овие пари кои се префрлени за овој проект ќе и беа добродојдени на здравсвото во многу други сегменти кои се од суштинско значење за подобрување на условите за работа и на здравствените работници но и генерално и за пациентите да не мора да чекаат со месеци да дојдат до една операција или да извршат едно снимање.

Но да се вратам сега на законот, бидејќи не знам по кој Деловник потпретседателот на Собранието му даде на министерот да ги прекорачи тие 15 минути кои ги има за дискусија, но сепак да се вратам на Законот.

Почитуван министре, и вие значи потврдувте дека во Законот кој го предлагате,дека новите лица или советниците кои ќе бидат назначени како нововработени и дека тие пари ќе се од парите од Министерството за здравство? Па кој го полни Министерството за здравство, Буџетот на Република Македонија. Значи, ако е така, тогаш Законот ви е погрешно напишан и тогаш имате финансиски импликации по однос на законот.

И навистина, за спроведување на овој закон се потребни дополнителни финансиски средства и добро истиот да го повлечете од процедура за да знаеме колкави се тие финансиски средства кои се потребни за да се вработат 60-тина или повеќе советници во здравствеите установи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Инаку, колега Менде Диневски не е изминато времето на предлагачот. Според Деловникот член 86 има право од 15 минути да го образложи предлогот. Во првото излагање министерот зборуваше 5 минути, му останаа 10 минути, а второто излагање му останаа уште 4 минути, за ваша информација.

Има реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитувана потпретседателке, почитуван министер.

Навистина јас сакам да верувам дека и вие верувате во ова што го кажувате и со оглед дека се работи за млад министер очекувам дека е и амбициозен и дека дел од ова ќе биде спроведено, барем дел од ова. Но ние говориме за сегашните состојби во здравството.

(дофрлања од место)

Колега Ѓорчев и вие сте млад, но не значи дека сте амбициозен па заради тоа да се насмеете.

(Потретседателот ги смирува пратениците)

Но, да се вратам , пред се , сакам да верувам, пред се заради пациентите, дека ќе биде спроведено ова и еден од колегите кој што спомна дека реформите во здравството се започнати од 2006 очигледно и дека не памти добро, дека реформите во здравството се почнати многу поодамна. Конкретно приватизацијата на примарното здравство, се надевам дека знаете кога започна, што даде позитивни резултати, морам да признаам. Меѓутоа очекувам дека многу брзо ќе почне и приватизацијата и во секундарното и терцијалното здравство, зашто таму ситуацијата, почитуван министер, знаете дека е многу лоша и мислам дека, меѓу другот,о пациентите исто ќе имаат поголеми права и поголема заштита, реков не ми одговоривте дали ќе го добиеме Законот за доктори во собраниска процедура, а да не зборувам какво е наградувањето на докторите во секундарното здравство. Додека еден доктор од приватното здравство зема околу 2 илјади месечно заработув плата, овие доктори работат, со две специјализации, 20-21 илјада просечна плата во месецот.

За да можеме да се реализираат правата на пациентите, да се подобрат условите во болниците и здравствените установи, ќе се подобрат и условите во кои ќе работат докторите и целокупниот медицински персонал . тоа е од поголемо значење пред се заради успешнот

лекување на пациентите, за кои всушност зборуваме.

На крајот, сосема, околу овој закон, навистина јас и понатаму мислам дека е многу покорисно во секоја задравствена установа да се вработат уште по еден доктор или барем две медицински сестри, отоколку овие советници што се сомемневам дека ќе работат нешто, освен што ќе бидат наградени партиски кадри кои добор сработиле во изборната камапања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова**: Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за здравство,

Зошто се јавив за збор? Откако го прочитав образложението која е целта на донесувњето на овој закон, со него се уредува заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените соработници и работници, општините и Фонодот за здравстено осигурување во унапредувањето и заштитатана правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите како и надзорот на спроведување на законот.

Сетоа ова е убаво кажано. Треба да се грижиме за заштита на правата на пациентите. Но, нешто што понатаму ме збуни, во оценка на финансиските последици од Предлогот на законот врз буџетот и другите јавни финансиски средства пишува дека за спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од буџетот на Република Македонија. Но, потоа, од Извештајот на Комисијаа за здравство пишува дека се предвидува, околу почетниот број, да биде околу 60, но советници за заштита на правата на пациентите можата да бидат од редот на вработените во Министерството за здравство. А, доколку има потреба и се прави проценка, доколку има потреба од нови дополнителни вработувања, тие би повлекле нови, дополнителни вработувања.

Како што и претходно, моите двајца соговорници проговорија за оваа работа, исто и јас изразувам сомнавање дека целта на измената на овој Закон е вработување нови пратиски војници. Зошто? Зошто ни се кога во секоја здравстена организација имаме правници, веќе вработени кои примаат плата. Која ќе биде нивната улога ако не заштита на правата на пациентите. Имаме директори. И тие зе грижат во таа насока. Менаџери, со многу големи плати и секако и тие би се грижеле за правата на пациентите. Имаа толкав број на вработени и административни работници кои постојано се грижат за правата на пациентите. Зошто токлкаво соменвање во докторите дека недоволно се грижат за пациентите. Тоа не ми се допаѓа. Исто така зошто се камерите? Дали да ги контролираат и докторите, нели треба да го почитуваме правото на заштита на информации на пациентите. Не сака секој да се гледа на камери кога во која просторија влегува, какви прегледи се извршени. Мислам дека тоа не е во ред.

Понатаму, во однос на реформите во здравствениот систем, не се почнати 2007 година од први јануари, туку спроведувањето почна тогаш. Претходно многу порано се направени подготовките и има успешна приватизација во здравствената заштита. За жал, до сега требаше да се случат и реформи во секундарната здравствена заштита и понатаму треба да се забрзаат реформите.

За жал, денеска таму немаме никакви реформи, што ги очекуваат и докторите и пациентите за подобрување на пружањето на здравствените услуги. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги пратеници,

Внимателно ги слушав дискусиите на моите претходни многу почитувани колеги пратеници. Во нивната дискусија многу малку обратија внимание на предлог измените на овој Закон за заштита на правата на пациентите отколку што зборат за општите состојби во здравствениот систем, повеќе со популизам. Јас ги следам повеќе од 30 години состојбите во здравствениот систем и можам слободно да кажам дека никогаш повеќе и подобро не било во однос на просторот, опремата, кадарот и снабдувањето со лекови како што е тоа денеска.

Пациентите денеска се прави господари во однос на лекарите, затоа што тие, во однос на реформите, со нив, во приватизацијата на примарното здравство добија своја цена. Така што денеска не можеме да најдеме ниту еден пациент кој може да се пожали од начниот на прием од лекарот или од адекватната терапија, бидејќи во случај да не биде задоволен, тогаш тој го менува слободно избраниот лекар. Но, јас ќе кажам само збор два за еден многу квалитетен, краток закон што се предлага денеска, а тоа е измената во членот 44, во ставот 1 каде што Министерство за здравство поставува советник или советници во ЈЗУ од редот на вработените во Министерство за здравство, се заради заштита на правата на пациентите во ЈЗУ.

Така што , со поставувањето на овие советници ќе имаме апсолутно унапредување на правата на пациентите сместени во ЈЗУ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова**: Почитувани присутни,

Претходниот колега кој се јави за збор беше во насока на критика дека претходните говорници говореле за се друго, освен за Законот што го имаме на дневен ред. Но, неговата реплика

мислам дека беше баш се друго освен по овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ**: Благодарам потпретседателке.

Спред мое мислење, дискусиите ја промашија темата на овој закон. со оглед да, за информација на граѓаните, се предлага една измена од технички карактер во веќе донесен и изгласан Закон, а тоа е дека советникот за заштита на пациентите не се назначува од ЗУ од редот на вработените во Министерството за здравство, туку Министерството за здравство од своите редови да ги назначува тие советници. И, толку е. тоа целата измена на Законот. Што се пропуштило при донесување на основниот текст на овој закон.

Оваа измена даде шанса на колегите да дискутираат за се и сешто, а не за она што е содржано во Законот. Ако сметаат дека некои работи во здравствтото не се добро решени имаме пратебнички прашања. Ако сметаат дека треба на друг начин да се реагира односно да се подобрат законските решенија, може да се даде иницијатива за измена и дополонување на соодветните закони.

Меѓутоа, ви забележувам и вам што дозволувате да дискутираме надвор од темата, им дозволувате на колегите да дискутираат за се и сешто, веројатно во престет на изборите што не очекуваат, искористувајќи го присусутвото на министерот да исакжат некои работи што воопшто немаат врска со овој закон.

Реалити шоу! Какво реалти шоу? Шоу е ако ние овде на екраните гледаме што се случува во болниците.

А тоа, дасе воспостави контрола внатре од вработени луѓе, кои ќе ја следат работата на сите одделенија и да се задоволата потребите на пациентите што е една хумана работа, спроведена во светот, ние ја нарекуваме реалити шоу. Дали ќе бидат вработени повеќе или помалку извршители на место на советниците? Тоа воопшто не се решава со овој закон, затоа што основниот Закон е донесен, изгласан и е во функција, а овде станува збор за исправка на една техничка грешка направена при гласањето по овој Закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра репилика има збор гопсоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова**: Почитувана потпретседателке,

Би ја запрашала претседателката на Законодавно-правната комисија за нејзинот мислење, дали конципирањето на овој закон, со нагалсување дека ќе има 60 нови вработувања нема да предизвика финансиски импликации? Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски**: Благодарам потпретседателке.

Јас се сложувам со констатацијата на госпоѓата Дулиќ и дека за една мала измена во еден став од еден член што е од технички карактер ние предизвикавме толку дискусии, толку реплики за една обична работа.

Меѓутоа сепак, како претставници на позицијата сме должни да укажеме на неколку невистинити факти или податоци што се изнесуваат во дискусиите на нашите колеги од опозицијата.

Во поглед на забелешките на госпоѓата Анастасова дали се потребни финансиски средств или не се потребни за овие измени во Законот, навистина стои во Законот дека за овие измени во Законот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

факт е дека овие советници кои ќе бидат назначени во околу 60 здравствени установи ќе бидат лица кои ќе бидат вработени и ќе бидат платени. Меѓутоа, никаде не пишива во Законот дека тоа ќе бидат нови вработувања. Можеби и ќе бидат, меѓутоа може ќе се работи за лица кои веќе работеле во тие здравствени установи, меѓутоа со една прераспределба од вработен во здравствена установа, да биде вработен во Министерството за здравство и затоа нема да бидат потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Тоа е во однос на првата зебелешка на дискусијата на госпоѓата Анастасова.

А во вториот дел, дека реформите не почнале од 2006-2007 година. Јас се сложувам дека реформите во 2006 година се интензивираа. Значи, пред тоа ние имавме заговарање на реформи од 1990 па до 2006 година, имаше блага припрема за тие реформи. Меѓутоа вистински реформи, што дадоа ефекти точно се случија во есента 2006 година.

Јас само еве ќе повторам едно прашање на мојата колешка, нека ми каже, еве во поглед на реформите, во поглед на финансискиот дел на Фондот за здравство и Министерството за здравство, дали од 1990 година до декември 2008 година да ми кажете само една година во која што немало загуби во Фондот за здравство или во Министерството за здравство добавувачи, односно долговите кои што беа.

Ние сега се соочуваме во декември месец со тоа што ниедна здравствена установа во Република Македонија нема долгови спрема своите добавувачи, односно долговите кои што беа максимално изразени во август месец 2006 година и кои што изнесуваа 90 милиони евра, за 2 години тие долгови се сведоа на нула. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Станка Анастасова.

**Станка Анастасова:** Почитуван колега, вие рековте сега дека нема да предизвика дополнителни побарувања од Буџетот на Република Македонија, значи нема да требаат дополнителни финансиски средства. Но, во Извештајот од Комисијата за здравство убаво си пишува: исто така, се предвидува советници за заштита на правата на пациентите да бидат од редот на вработените во Министерството за здравство со континуирана обука и едукација за помагање на пациентите во остварувањето на нивните права, а се прави и проценка на капацитетите доколку има потреба од нови дополнителни вработувања. Самото тоа кажува дека ќе треба дополнителни финансиски средства.

За периодите за кои што говоревте за реформите, пола вие бевте на власт. А кога ние бевме на власт интензивирањето на реформите во здравствениот систем тогаш почнаа. Вие имавте веќе припремени реформи, само почнавте да ги спроведувате на дело.

**Светлана Јакимовска:** Има збор госпоѓа Јулиета Марку, повелете.

**Јулиета Марку:** Ви благодарам почитувана потпретседател на Парламентот, почитуван минситер за здравство, почитувани коелги.

Јас се пријавив за збор, бидејки долго време бев вработена во Фондот за здравствено осигурување и сум во тек со реформите во однос на здравството. Колку за да ве потсетам, реформите во здравството се од 2003 година каде се направи со приватизацијата на приватните ординации и поточно се приватизира и стоматологијата и т.н. Јас мислам дека во текот на овие реформи гледам за упатно да се донесе и овој закон за еден советник во здравствените установи кој советник ќе се смести од Министерството за здравство, можеби нема потреба да се направи ново вработување доколку постојат тие лица кои можат да ја вршат оваа обврска и должност, потполно го гледам за упатно овој закон да се подржи.

Во однос на тоа, дали е идеален, или не овој закон, знаеме дека идеалното има многу слоеви и никогаш не можеме да кажеме дека сме постигнале во последниот слој на идеалното.

**Светлана Јакимовска:** Реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитувана претседателке само сакам да и се заблагодарам на почитуваната колешка што го потврди моето излагање дека реформите во здравството, односно во примарното здравство се започнати во 2003 година, а не како што почитуваниот колега од ВМРО-ДПМНЕ сакаше да каже дека сите реформи во здравството започнуваат во 2006 година.

**Светлана Јакимовска:** Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Врз основа на извештаите на Комисијата за здравство, како матично работно тело и ЗПК и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Предлогот на законот за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за здравство и ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заллучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, за Предлогот гласаа 55, воздржани 7, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на закон за дополнување на Законот за парничната постапка - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците,како матично работно тело и на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворамопшта расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за правда господинот Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Благодарам потпретседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници. Значи, Законот за парнична постапка е донесен во 2005 година со одложна примена од 3 месеци и од кога почнува да се применува Законот за парничната постапка. Со Предлогот за дополнување на Законот за парничната постапка практично се надополнува одредбата од членот 418 од Законто што се однесува на издавањето на платните налози. Практично издавањето на платните налози како што е уредено во Законот се дополниува со тоа дека платни налози врз основа на веродостојна исправа да можат да издаваат и нотарите во услови предвидени во Законот, со тоа што на овој начин мислам дека ова е една интенција која што долго време е присутна во согледувањето на тоа дали и со какви спорови треба да се оптоваруваат судовите.Значи општа препорака на Советот на Европа е судовите да бидат растеретени од неспорните предмети кои што можат да се решаваат на многу поуспешен начин, ако бидат дадени да ги вршат други институции, односно други органи. Значи, сега се создава можноста нотарите врз основа на

веродостојна исправа да ги даваат тие платни налози. Тоа не е ново решение само во нашиот Закон. Јас овде го имам Законот за извршна постапка, бидејќи овој Закон е најтесно врзан со Законот за извршување кој е следна точка од дневниот ред каде што го имаме еве, Законот на Република Хрватска каде јавните бележници одлучуваат по предлогот за извршување врз основа на веродостојна исправа во склад со одредбите од овој Закон. Значи, тоа е Закон кој што е донесен во 7-ми месец 2005 година. Значи, интенцијата е растоварувањето на судовите од неспорните предмети, а решавањето на споровите да биде во судовите само она што треба да биде вистински спорови, бидејќи на тој начин судовите ќе имаат и повеќе можности и повеќе време да посветат на решавање на она што се вистински судски спорови, а овие платни налози да бидат издавани и од нотарите врз основа на тие веродостојни исправи. Кои се веродостојни исправи уредува Законот, тоа се фактури, тоа се изводи од деловни книги заверени, тоа се меници, чекови и т.н. Значи врз основа на тие веродостојни исправи нотарите ќе издаваат и вакви налози. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитувани колеги, пред нас е Предлог закон кој ја отсликува реалноста на функционирањето на актуелната владеачка коалиција. Значи, еден од законските проекти кој беше со фанфари најавуван пред неколку недели од министерот за правда при промовирањето на новите извршители нотари, уште на почетокот доживеа фијаско. Значи, инсистирањето на опозицијата да водиме расправа, но да не го носиме и овој закон како што и Законот што следи, Законот за извршувањето сакавте вие по скратена постапка, ви беше добар алиби да ја минирате, вие која ја промовиравте една од поголемите реформи која требаше да го растерети судството од над 300 илјади нерешени предмети кои заглавија во извршувањата. Онака како што 12 месеци бевте глуви за пазарџиите каде што повеќе од неколку месеци бевте глуви за барањето на новинарите, одеднаш Владата стана широкоградa и во пресрет на локалните и претседателските избори сите свои реформски зафати самата ги минира. Значи, господине министре, очекував вие да говорите отворено за проблемите со кои ќе се соочат македонските граѓани. Овде сте наброиле врз основа на податоците кои вие велите дека не се до крај ажурирани, дека потенцијално на удар на овој закон кој оди во пакет со Законот за извршување, ќе се најдат според најпесимистичките прогнози некаде 150 илајди семејства во Република Македонија според најреалните, веројатно оние 75 илјади семејства во Република Македонија кои не можат да си ги платат трошоците за електрична енергија, за водовод, канализација и другите комунални услуги. И треба да м кажете на македоснката јавност не како што ви реков вчера да сме на некој симпозиум на здружение на правници, или на здружение на судии или јавни обвинители што всушност значи оваа реформа? Оваа реформа всушност значи дека по изборите, бидејќи ова нема да го направите пред изборите, затоа што се ќе направите, па ќе ја продадете државата ако треба да ги добиете изборите, нема да дозволите извршителите да влезат во 75 илјади, или 150 илајди домаќинства во Република Македонија за да почнат принудно да ги извршуваат ненаплатените сметки. Значи, тоа е големата реформа. Треба да знаат овие еуфорично расположени пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за што станува збор. Значи, станува збор за тоа. И вие знаете дека има сериозни реакции не само од опозицијата која тврди дека иако имаме партнерство со УСАИД, дека Македонија не е Америка и дека не можеме да донесеме ваква реформа, ако не ги решиме основните проблеми кои произлегуваат од неприфаќањето на реалноста дека Македонија согласно Уставот е социјална држава. Додека не дојде на опростување на долгот што може и да го направите во предизборната кампања. Јас сега ви давам само идеа. Па да земете наместо вие да носите вакви решенија, да дадете предлог да се плати на сите комунални претпријатија, велите дека на ЕВН има најголем долг, да плати државата за овие сиромашни македонски граѓани и тоа да биде влез во промовирањето на законот на опозицијата, а тоа е Законот за енергетска сиромаштија. Инаку, вакви реформи да бидеме реални во Република Македонија се неприменливи. Ќе настане социјален бунт. Ако сакате да одите во прилог на она ние што говориме дека вие ќе го одложувате социјалниот бунт се додека не завршат изборите, но со сите законски проекти всушност создавате една таква атмосфера. Значи, ако сферата сега се вжештува и со тоа што адвокатската Комора исто така се најде засегната од овие ваши реформи и најави генерален штрајк. Дали тоа значи дека повторно ќе ја свиткате кичмата како што ја свиткавте пред пазарџиите, пред новинарите, пред сите овие кои требаше да го примените хасап стандардот и што уште не, направивте во последните две недели. Видете што се сте кажале, кого се не исплукавте и како од ден на ден се почнувате вашите плунки сега да ги лижете. Затоа да бидеме реални, овој закон е неприменлив во ваква економска и социјална сосотјба во која се наоѓа Република Македонија. Иако јас би бил пресреќен овие реформи што вие ги правите да завршат со тоа што конечно судовите ќе ја вршат единствената своја функција, а тоа е право раздавање, да раздаваат право согласно Уставот и законите. Но, и вчера ви покажав неколку примери, дека не може нашето судство и правосудство да се реформира се додека премиерот на Владата станува експерт за судски процеси во детали на своите новогодишни интервјуа ги коментира, а не се завршени. Или тоа дека генералниот секретар кој ви реков дека е веројатно иницијатор на тројките што и вас ве следат и е веројатно дел од

вашата тројка, во случајот што јас сеуште го немам завршено да се најде во улога на партиски обвинител. Така господине министер не се прави реформа на судството. И знаете дека сето ова се само шарени лаги и дека немаме сериозни реформи заради партизацијата. И второ, заради тоа што не се соочувате со реалноста. Не може да се прави крупна реформа во извршувањето, ако Република Македонија се наоѓа во ваква економска состојба, ако социјалниот статус на повеќе од 75 илјади семејства е доведен до работ на егзистенција. Значи, вие всушност со ова повикувате да дојде до војна меѓу од една страна сиромашните на кои ќе влезат извршителите, тие ќе бидат по трка за остварување на поголем профит со асистенција на полицијата ќе влезете и нивната скромна покуќнина ќе ја собирате за да на некоја јавна лицитација, јавно надавање ја продава некој, тврдејќи дека со ова се прави голема реформа. Да не трошиме многу зборови, сметам дека и покрај, значи јас со вас ќе се расрпавам за многу работи, но и покрај добрите намери треба да им се каже на нашите партнери од УСАИД дека ова во овој момент не е применливо во Република Македонија. Не е применливо. Еве, кој пример да ви го кажеме, дали ќе ги прашате Ромите од Турското маало од Струмица, или Ромите од ѓупското маало од Кочани зошто излегоа на бунт, дека не можат да ги платат сметките, дека бараат струја, или ќе ги прашате арачиновци кои тврдат дека сакаат да платат, но не можат да платат. Вие сега нудите законски инструмент каде што извршителите со асистенција на полиција ќе влезат и во Струмица, ќе влезат и во Кочани, ќе влезат и во Арачиново и ќе го наплаќаат долгот на една приватна компанија, или на други приватни компании кои заради неефикасноста на нашиот судски систем се довеле во позиција да претрпуваат огромни загуби. Значи, ако сакате да бидете доследен и да ја почитувате реалноста треба Владата да ги преземе обврските кон комуналните претпријатија, да помогне со носење на Законот за енергетска сиромаштија. И трето, да се соочите вие со реалноста, дека не може да тврдите дека со ова ќе направите големи реформи се додека вашите партиски првенци, тоа е човекот број еден и човекот број два, односно тоа е двоецот што ги води овие овде пратеници еуфорично расположени, се обидуваат едниот да биде судија, другиот да биде јавенобвинител.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателке.

Со законот за измени и дополнување на Зајонот за парничната постапка се пропишува доколклу доверителот поседува веродостојна исправа врз основа на која што дирекно може да бара извршување, нема да може да бара ова остварување да го направи во посреден пат со издејствување на платен налог доколку не докаже дека има правен интерес за тоа. Значи, целата измена на Законот се состои во тоа.

Јас да потсетам дека основ за извршување претставува извршна исправа и веродостојна исправа. Извршна исправа е судска одлука, меѓу која спаѓа и платниот налог, а веродостојна исправа се меница,чек, фактура, најчесто што се употребува, те според тоа и во праксата и до сега секогаш сме воделе сметка во стопанското судство додека постоеше,доколку може директно да се оди на извршување да не се оди преку платен налог, заради тоа што се губи во време, се оптоваруваат странките со трошоци, кои трошоци крајно паѓаат на должникот ако навистина е должен во тој платен налог. Доколку има приговор и против платниот налог и против решението за дозвола за извршување, тогаш предметот се префрла во парнична постапка на редовен спор.

Според тоа, во никој случај во дискусиите што ќе се водат по овој Закон не доаѓа предвид ова нешто да се прави на штета на должниците и овие драматики што се искажуваат дека се прави за да се предизвика натамошната сиромаштија на народот, да се продлабочи, со тоа што побрзо извршителите ќе дојдат до нив. Овде едноставно станува збор за усогласување на нашето законодавство со Европското, што е во корист на сите странки, на сите граѓани било да се наоѓа во улога на должници, било да се наоѓаат во улога на доверители.Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Нема да го прифатам предизвикот да го направам ова стручен симпозиум и со госпоѓата Дулиќ да дебатираме што е извршна исправа , што е веродостојна исправа, но ќе ви кажам што е реформата што се нуди, можност да се наплатат според образложението што го нуди Министерството за правда и да се затворат над 306.386 незавршени предмети кои врз основа на ненаплатени сметки ги должат граѓаните кон комуналните претпријатија. Кажува кој е тој сооднос, 35% од ова отпаѓаат на Куманово и Гостивар, Прилеп, Тетово и.т.н. Јас не би сакал до тоа да дојде но мора да предупредиме затоа што сме многу посовесни и порезервирани од вас во капацитетите кои ги има и Министерството за правда и извршителите да влезат во една ваква операција, имајќи предвид каква е економската и социјалната положба на граѓаните на Република Македонија . А вие ако инсистирате, бујрум, вие ќе бидете предизвикувачи на социјалниот бум.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.
Реплика има министерот за правда, господинот Михајло Маневски, повелете

**Михајло Маневски:** Благодарам почитуван потпретседател на Собранието.

Мислам дека пратеникот Бучковски изнесе нешто што апсолутно не одговара на вистината. Тој го чита само во еден дел Законот, меѓутоа ако го

чита образложението на Предлогот за пристапување кон измена на Законот , ќе види таму дека околу 77% од веродостојните исправи што се прегледани токму со поддршка на УСАИД секој предмет поединечно, е утврдено дека тоа се неуредни предмети, тоа значи дека граѓаните врз основа на такви предмети не можат да бидат задолжени да платат било каква обврска и на било кого, а Законот ги штити должниците, ќе ги штити и доверителите, меѓутоа, нема да дозволи извршителите да наплатуваат нешто од граѓаните што не се должни да го платат во тој износ што се наведува во таа веродостојна исправа, токму заради тоа што биле издавани преку 80% од предметите се врз основа на неуредно спроведена постапка. Тоа значи дека по тие предмети постапката мора да биде спр оведена уредно, а тоа значи граѓанинот да биде известен, граѓанинот да може да проговори, граѓанинот да може да се обрати со приговор до судот и судот е тој кој што понатаму ќе ја спроведува таа постапка. Не е ова некое изложување на граѓаните како што незнам од какви причини,веројатно маркетиншки да се изнесуваат невистини кои ќе оделе кон тоа граѓаните да бидат оштетени со овој Закон. Не, напротив, граѓаните и должниците ќе бидат заштитени со овој закон бидејќи до сега практиката покажуваше дека се даваат печатите судски на ЕСМ, се даваа на други комунални организации, тие едноставно ставаа штембили и издаваа платни налози без да ги доставуваат на граѓаните. Ние ги погледнавме еден по еден предмет и видовме дека 80% од нив се неуредни и ќе се постапува така како што пропишува Законот.

Второ, господинот Бучковски околу судските реформи кои ги споменува би сакал да го уверам дека покрај тоа што е намален приливот на новите предмети во судовите, за околу 229 илјади предмети или 30% за прв пат после 17 години или намален за остатокот за 24% или 207 илјади предмети, за прв пат после 17 години, сакам да му го спомнам и најновото истражување на УСАИД за довербата на граѓаните во судството спроведено во Јануари - Март 2008 година и Септември - Ноември 2008 година покажува зголемена доверба на граѓаните, а таа доверба на граѓаните во судството изнесува некаде 78%. Ако во Март била 69,7% за овие неколку месеци е подобрена за 8,27%. Токму ова говори за реформите , ова говори за преземањето на Владата и мислам дека тоа се тие ефекти и резултати што ги спроведе Министерството за правда и Владата на Република Македонија . Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Бучковски Владо, повелете

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Тешко нас министре ако највозрасниот член на Владата, имате 70 и кусур години, е најголемиот реформатор. Тешко нас ако по ваш терк ги правиме реформите, ако последниот комунистички министер може да биде најголемиот капиталистички министер. Самите грешите во фразите затоа што уште живеете во минатото време, велите градиме систем каде што ќе се штитат должниците. Па тоа време помина. Значи во овој систем во кој живееме мора да се штитат доверителите и вие не нудите начин како да ги заштитите доверителите освен да дадете можност со пресија, со асистенција на полиција и во вашата активистичка варијанта, 70% да се неуредни, остануваат 100 илјади предмети. Ќе тргнат ли извршителите со ваш налог и со асистенција на полиција да влезат во 100 илјади домаќинства во Република Македонија да ги наплатат сметките за струја, вода, и други комунални услуги.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Министерот за правда, има збор, повелете.

**Михајло Маневски:** Не му е првпат на господинот Бучковски да настапува на ваков начин и мислам дека токму поради таквиот негов настап никој верувам не го сфаќа сериозно. Ни јас така не го сфаќам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика има господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Господине министре, ние ве плаќаме вас да бидете смирен, најстар сте од сите, не да губите нерви. Јас можев од говорницата да зборувам за она што го мислат граѓаните на Република Македонија за вас или оние кои не поддржуваат. Дали се тие 200-300 илјади, значи има во Република Македонија изградено свест дека вие наместо да спроведувате реформи вршите партизација на судството, ги злоупотребува УСАИД и други со тврдењето дека вие сте попопуларен од премиерот, вие сте олицетворение на судството и велите дека 78% ви веруваат вам. Ви се молам, немојте да говорите такви небулози, возрасен човек сте, имате 70 и кусур години, сте поминале сито и решето, сте биле последен министер за правда, тогаш се викаше секретар на Секретаријатот за правосудство и управа во последната комунистичка влада на Република Македонија . Сте биле и на високи функции во правосудството, бевте и во Комисијата за борба против корупцијата, го заслуживте тогаш овој мандат, завршивте една лавовска работа за семејството Груевски и бидете оној што сте, не тврдите дека сте најголемиот реформатор. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Госпоѓа Иванова Цветанка, процедурално.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Како координатор на пратеничката група сакам да реагирам на вас, на вашето однесување и водење на оваа седница. Очекував дека во најмала мера ќе го опомените министерот за начинот на кој се однесува овде во Собранието спрема

пратениците и нивните говори, затоа што сметам дека министрите се тука во Собранието со една единствена цел, да слушаат , да слушаат, и да ја слушаат дебатата на сите пратеници, без разлика колку лично тие ги почитуваат или не пратениците, затоа што сите пратеници овде ги претставуваме граѓаните. Слушајќи ги пратениците и однесувајќи се кон пратениците со можен респект, со должен респект, тие всушност индиректно се однесуваат така и кон граѓаните.

Затоа, уште еднаш ве молам следете ја добро седницата и во моменти кога треба да реагирате како потпретседател на Собранието да реагирате во заштита на пратениците на ова Собрание, затоа што тоа е ваша обврска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика за господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке,

Јас сакам да реплицирам во делот  во кој што министерот си даде за право да толкува кој на кого верува во оваа држава и да го  потсетам министерот зарем мисли тој дека може некој да му верува ако ја манипулира јавноста со прес конференција на која што зборува невистини дека наводно заради него и заради Комисијата за политички систем ќе се пролонгирал рокот за законот за извршување. Да не беше пратеничката група на СДСМ со 15 потписи да дебатираше и да бараше дебата, овој Закон повторно како што ја укинавте храната и превозот со 5 души на комисија во темница, во 23,00 часот кога никој не гледа, ќе се случеше истото. Затоа, вие сте тука да ги браните законите, а не да ги етикетирате луѓето и да зборувате дали некој му верува или не. Ако гледате од вашите телевизии, можеби таков впечаток имате, ако успевате меѓу 73 спота да погледне човек нормален нешто. Но . . .

**Светлана Јакимовска:**  Се извинувам господине Макрадули, сега процедурално реагираше госпоѓа Цветанка Иванова и јас го почитувам тоа што процедурално реагираше спрема мене и ќе ве замолам како реплика да говорите.

**Јани Макрадули:** Јас реагирам како реплика кон министерот. Репликата е дека вакви што дофрлуваат и што им лета паметот многу, значи министрот реплицира во делот каде што вели дали му верува некој на Бучковски или не и сега јас зборувам за тоа. Министерот овде треба да ги брани законите, а не дава политички квалификации и етикетирања персонални и заради тоа реплицирам. Јас не зборувам за нешто друго, јас кажувам дека тој излегува на прес конференција во сабота, ја лаже цела Македонија и сега веројатно затоа можам да зборувам дека пратеничката група на СДСМ побара дебатата во прво читање да оди за Законот. Затоа ве молам реплилката се однесува на тој дел на верувањето или неверувањето. Ако вие мислите дека треба да ги одмолчуваме тие факти, тоа е ваша работа, ама се додека не терате да ги одмолчуваме , односно пратениците на ВМРО ДПМНЕ ги одмолчуваат, се до тогаш во Македонија ќе има пастир и ќе има Среден ред. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине претседател, добро е што се вративте во сала, претпоставувам дека доколку бевте вие на тоа место ќе следеше сериозна реакција на начинот на кој што господинот министер за правда Маневски се однесуваше кон еден наш колега.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам.

Продолжете, ве молам.

**Весна Бендевска:** И повторно ќе говорам, се додека во овој парламент дозволуваме носители на јавна функција како што е министер за правда вака да се однесува кон избран претставник на народот, ќе губи буквално, ова е дерогација на институцијата законодавен дом и претставнички дом на граѓаните на Република Македонија. Должни сте да го браните институтот “пратеник”, на тоа ве обврзува и Уставот и Деловникот.

Господине претседател, сакав да му реплицирам на господинот Маневски со едно мое мислење. Додека вака ја троши и ја растура енергијата што треба да ја вложи како министер особено во време на таканаречени судски реформи, што за жал во Македонија во последниве две ипол години значат нешто друго, нешто многу посериозно, значат кршење на демократијата во Република Македонија на сите нивоа, дотогаш Република Македонија ќе го носи неславниот рекорд на најголем број предмети за кршени човекови права од страна на граѓаните на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права. И наместо господинот министер реформатор да понуди решение, односно да побара квалитетна анализа зошто е тоа така, зошто граѓаните на Република Македонија се повеќе не веруваат во судскиот систем во сопствената држава, ќе бидат принудени заштита за своите права да бараат во Стразбург.Затоа претпоставувам ќе ни се случуваат небулозни ситуации, кога судии ќе бараат да се одземе имунитет на пратеник , кога претседатели на комисии и на недозавршени комисии ќе донесуваат одлуки за барање имунитети, Македонија наместо да го реформира не само судството, туку вкупниот квалитет на општественото живеење , Македонија за жал станува темно место каде што демократијата и основните човечки права ќе бидат прекршувани на секој чекор.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.
Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата  за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на Законот за дополнување на Законот за парничната постапка е прифатлив и може да се даде на натамошно односно второ читање.

2.По Предлогот на Законот за дополнување на Законот за парнична постапка да се спроведе јавна дискусија.

3. Собранието на Република Македонија ја определува Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците да ја организира јавната дискусија по Предлогот на Законот и на Собранието да му достави Извештај за резултатите од јавната дискусија, заедно со Предлог на Закон за второ читање.

4. Овој Заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија .

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 54, воздржани нема, против еден.

Молам службите да утврдат точен број пратеници присутни во салата, но без овие пратеници што влегоа во салата сега.

Во салата имало доволен број на пратеници во моментот на гласањето, повеЌе од 61 пратеник, минус тројцата пратеници што влегоа.

Констатирам дека полноважно е гласањето и констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 13-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување - прво читање.**

Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно правната комисиај ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа да се пријават за збор.

За збор се јавија госпоѓа Иванова Цветанка, господин Макрадули Јани, госпоѓа Дулиќ Благородна, господин Бучковски Владо и госпоѓа Мираковска Соња.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Прво што сакам да потенцирам во мојот коментар околу Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување е дека основниот закон за извршување беше донесен во време кога парламентарното мнозинство или Владата беше на СДСМ, заедно во коалиција со ДУИ и тогаш, секако свесни дека реформите мора да ги правиме и да правиме резови во системите, дури да донесуваме непопуларни мерки, ние се одлучивме дека реформи по секоја цена мора да се случуваат дека не бевме загрижени многу ниту за рејтинзи, ниту дали ќе ја задржиме на следните избори власта, туку бевме загрижени и работевме се во насока на подобрување на состојбата, вклучетелно сега и во судството, за да може Република Македонија чекор по чекор да стигне онаму каде што треба, а тоа е Европската унија и НАТО. И тогаш, како еден од пакетите за реформи беше Законот за извршување, тогаш се откажавме од извршна постапка затоа што сметавме дека еднаш веќе спроведена таква постапка и кога веќе имаме правосилна и извршна пресуда, тогаш треба да се упрости постапката за извршување и дека за да се растоварат судовите од балансот на предмети, извршните предмети да се извадат од судството, тогаш формиравме една јавна служба, која што ќе се занимава, според оценките кои што досега ги имаме со извршување на овие предмети.

Почитувани колеги, ова како вовед го кажав, за да кажам дека СДСМ ја почна реформата, ја поддржа оваа реформа и ја поддржува. Но што е она што денеска се случува во Република Македонија. Министерот за правда како ресорен министер достави закон за извршување, со кој што бара или предлага решенија за извршување врз основа на веродостојна исправа или дозвола за извршување, да можат, по претходниот закон за парнична постапка да издаваат нотарите и врз основа на вакви веродостојни решенија за извршување, веродостојни исправи да се извршува. Тоа тука ништо не е спорно и ништо не е чудно, ако се нема во предвид сето она што се случува во Република Македонија во последниве неколку месеци.

Република Македонија, последниве неколку месеци и наредната година секако, граѓаните на Република Македонија ќе се соочуваат со ударот на светската финансиска криза. Граѓаните на Република Македонија кои што се на работ на егзистенцијата, се повеќе ќе тонат, затоа што на удар се наоѓаат секогаш најсиромашните слоеви. Секоја одговорна власт, секоја одговорна Влада настојува и презема мерки за ублажување на ударите од ваквите кризи и секако презема пакет мерки за да ги заштити, особено оние најранливите, најсиромашните категории на граѓани. Но што се случува колеги пратеници и секако и за јавноста со поднесувањето на овој Предлог закон за извршување. Со овој Предлог закон за извршување во вааква ситуација која што јас ја опишав, во која што ќе се најде Република Македонија ќе се најдат на удар голем број на семејства во Република Македонија. Јас и на Комисија и тука на пленарна седница ќе користам само податоци кои што во образложението се користени и ги користело Министерството за правда како образложение за донесување на измени и дополнувања на овој закон, за да не бидам третирана или да не биде оценет мојот говор како необјективен.

Една од причините заради кои што пристапува кон вакви измени Министерството за правда е ќе цитирам, земен е за пример Основниот суд Скопје 2, а читај сите основни судови во Република Македонија дека заклучно со 15.11.2008 година во работа имало извршни предмети 319 илјади и 175 предмети од кои само 4671 се издадени врз основа на судски пресуди и сега, ова е многу интересно, додека остатокот се предмети веродостојни исправи од комуналните претпријатија. Значи, ако над 310 илјади предмети во судските архиви лежат за извршување по основ на комунални такси, или по основ на долг на граѓаните за комунални такси, тоа се струја, вода, топлификација, значи дека оваа Влада води сметка да има предвид што донесува и што предлага во ваков критичен момент. Значи дека 315 илјади или 10 илјади семејства, само на подрачјето на Основен суд Скопје 2, ќе се најдат под налет на извршување, на вратите ќе им зачукаат извршители со право, затоа што така дозволува министерот за правда, Министерството за правда и Владата на толку илјади семејства и ќе се одзема покуќнината, затоа што друго немаат овие семејства, штом се довеле во ситуација да бидат должници по основ на комуналиите, значи немаат основни средства за егзистенција.

Почитувани колеги, благодарение на опозицијата, која што користејќи го членот 149, не е важно кој член е од Деловникот и побара општ претрес по овој закон, опозицијата, не тактизираше дали со овој закон ќе добие поени кај граѓаните, или ќе ги заштити граѓаните, не размислувајќи, се определивме да ги заштитиме граѓаните и користејќи ја одредбата од Деловникот побаравме општ претрес по овој закон и спречивме без размислување да се донесе катастрофален закон во ова Собрание кое што ќе овозможеше над 500 илјади семејства во Република Македонија да се најдат под удар на овој закон, а тоа се најранливите категории. Тука мене како пратеник, како човек ми се поставува прашање, зошто само опозицијата поднесе вакво барање за општ претрес, а не го поднесе ваквото барање. Колега, доколку ние не поднесовме ваков закон за општ претрес, денеска ќе профураше низ Собрание и некаде после 1 јануари ќе се отпочнеше со примена на овој закон. Благодарение на нас, овој закон е стопиран, благодарение на притисокот што го направи јавноста преку медиумите овој закон се стопира и го премисли министерот за правда и Владата на Република Македонија, но не ги премисли со цел да им помогне на граѓаните, затоа што веднаш да кажам јавната расправа не значи дека ќе се смени нешто, туку ќе се пролонгира донесувањето на овој закон, се со една цел, на оваа Влада и е многу важно да има рејтинг. На оваа Влада и е многу важно на локалните избори да не се соочи со граѓаните. Оваа Влада ги одложува проблемите. Оваа Влада не ги решава проблемите. Ако ги решаваше, тогаш ќе предлозеше нови мерки за решавање на егзистенционалните проблеми на овие граѓани. Пред мене сега се отвораат неколку прашања.

Првото прашање е зошто позицијата не го стопира овој закон и зошто позицијата не побара општ претрес.

Второто прашање е што ќе постигнеме со јавната расправа по овој закон. Дали со јавната расправа ќе го решиме проблемот. Еве повторно ќе ја искористам бројката на 319 илјади семејства само на подрачје на Основниот суд Скопје 2 и само ќе ги залажеме повторно граѓаните до избори да молчат и да мируваат, затоа што нешто се случува.

Третото прашање до кога ќе трае таа јавна расправа, ако во Деловникот навистина немаме рок и повторно Комисијата ќе си постапи политички, затоа што таму е повторно парламентарното мнозинство и оваа расправа ќе ја одложи до локалните и претседателските избори да трае со една единствена цел секако, да нема негативни поени на Владата и трето прашање кое што пред мене се поставува, дали само јавната расправа по овој закон и одоговлекувањето ќе и го понуди Владата со кризата која што се нашле граѓаните или веќе проблемот кој што сама си го фокусирала, повторно оперирам, затоа што сакам да нема реплики, ќе оперирам со овие бројки, само на Основен суд Скопје 2, 319 илјади предмети, или домаќинства не можат да си ги плаќаат комуналните сметки. Што ќе прави Владата понатаму за да се реши овој проблем, затоа што јавната расправа нема да им го реши проблемот на овие граѓани. Дали Владата ќе се премисли и ќе го поднесе сега нашиот закон за енергетска сиромаштија за да може да им ги реши проблемите на граѓаните, а не да ги одоговлечува. Дали Владата ќе преземе некои мерки да ги ослободи или да направи нешто да ги плати овие долгови по однос на комуналните услуги кои во поголем дел се во јавни претпријатије, како што се водовод, и други, дали ќе им ги плати овие комунални такси, или ќе направи некој пакет мерки, затоа што со одлагањето на овој закон и јавната расправа не се решава вистинскиот проблем на граѓаните на Република Македонија. Уште еднаш сакам да потенцирам дека преку овој закон, преку овој предлог се виде дволичноста како на Владата така и на парламентарното мнозинство и нивната вистинска заинтересираност за решавање на вистинските проблеми на граѓаните. Тие, не се за решавање на вистинските проблеми на граѓаните, туку за одлагање, еве јавната расправа значи тоа. Не нудат излез од ситуацијата на западнатите семејства во ваква криза, туку единствена цел им е да го одложат проблемот за понатаму кога ќе поминат изборите, кога повторно ќе се излажат со нешто и ќе гласаат овие граѓани повторно за нивните идни ветувања кои што ќе следуваат, а на крајот на краиштата, остануваат проблемите во знак на сиромаштијата на Република Македонија. Тоа се клучните прашања кои што ги

наметна овој предлог и на крајот, бидејќи ни останува време уште малку, а чекам одговор на прашањата од страна на министерот кои што ги поставив, исто така чекам одговор од страна на претседателот до кога ќе трае оваа јавна расправа според Деловникот и како ќе ја спроведуваме оваа расправа и што ќе се смени со јавната расправа, го завршувам овој говор како последен во оваа година и секако бидејќи ова е последна седница во Собранието, би искористила прилика на сите граѓани во Република Македонија да им ги честитам претстојните новогодишни празници и секако на граѓаните од православна вероисповед да им ги честитам божиќните празници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господин Деркоски Оливер, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Во последната дискусија на колешката Цветанка Иванова, провејуваа неколку работи со кои што на некој начин се направи уште еден обид донесувањето на овој закон да се искористи за манипулација со јавноста.

Имено, Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се обидува да регулира една област која што со години наназад носи проблеми на разрешување на така наречените должничко доверителски односи кои што го оптоваруваат би рекол и стопанството во Република Македонија и економијата, но исто така и голем број други односи кои се појавуваат во текот на самото живеење меѓу граѓаните во Република Македонија, односно нивните односи.

Значи, од еден обид да се стави ред во една сфера која што го оптоварува животот во нашата држава, се направи еден обид да се манипулира и тоа се манипулираше со бројки. Имено, на сите ни е јасно дека 319 илјади или 310 илјади или 500 илјади колку што се спомна овде една бројка на предмети, не е исто што и број на семејства. Имено, треба да се направи една разлика, една дисктинција да им стане јасно на граѓаните дека не може во Основниот суд Скопје 1 да има на пример 319 илјади предмети за секое семејство, затоа што Скопје нема 319 илјади семејства, а да не зборуваме за некои други бројки. Тоа е уште еден обид на опозицијата која што провејува последниве денови од дискусиите на другите предлози на закони да се покаже дека во Република Македонија владее општа криза и хаос и дека наскоро се очекува колапс на државата, што е сосема некоректно и не во ред и сакам да ја демантирам таа работа и би ги замолил колегите од опозицијата да не се служат повеќе со таква работа, затоа што не е коректно. Простор за политичка борба да, меѓутоа, треба на коректен начин да се одвива таа борба.

Инаку, овој Предлог на закон е и те како добар и треба да се донесе. Овде е спорен начинот на донесување, дали треба во скратена постапка, или треба во нормална постапка. Еве ги прифативме сугестиите на опозицијата да оди во нормална постапка, ќе има јавна расправа, ќе се слушнат сугестиите на сите заинтересирани страни и тогаш ќе видиме да донесеме едно заедничко решение за општо добро на сите во Република Македонија. Меѓутоа, фактот дека треба да се донесе овој закон, не треба да се занемари, затоа што тоа е во рамките на реформите во целиот правосуден систем, а посебно во системот на извршување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Убаво го завршив говорот со честитки и репликата така ќе ја завршам. Нема да му спорам на колегата Деркоски, кого го почитувам, еве нека не се 319 илјади семејства нека се 100 илјади семејства, во мојот град Струмица нека не се 4 илјади семејства со неплатена електрична енергија, нека се 1000. Јас имам една новогодишна желба господине Дерковски. Дајте на овие 100 илјади според вас семејства, да им го решиме проблемот, затоа што тие нема да можат да си ги платат сметките. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, јас сосема накратко ќе потенцирам некои работи кои што воглавно и колешката на пратеничката група Цветанка Иванова ги истакна.

Ако сакаме да бидеме коректни, ајде да бидеме до крај коректни и да не изигруваме пратеници кои што не знаат што се случува и како оделе работите поврзани со овој закон.

Значи, на 15 декември кога го промовира министерот овој закон, тогаш воопшто не стана збор ниту за одлагање, ниту за добра намера да се прифати барањето на опозицијата. Напротив, и во медиумите беше јасно кажано и од страна на министерот дека мора да се пријават до крајот на Нова година, да се расчистат сите работи и потоа од 2 јануари да почнат да влегуваат извршителите по домовите на граѓаните.

Да се пријават, да се расчистат сите работи и после од 1 јануар од 2 јануар да почнат да влегуваат извршителите по домовите на граѓаните.

Втората, работа ако сакаме да бидеме до крај е тоа што во понеделникот во печатените медиуми, а во сабота во електронските медиуми, кога беше прес конференцијата на министерот насловот беше министерот за правда, го одложи донесувањето на законот за 6 месеци. Со кој чин, со кој акт, со кој амандман, со кој потез, или мислат како господинот Деркоски дека сите граѓани гледаат Сител и читаат Вечер ги фатило слепило. Со кој чин министерот Маневски за 6 месеци го одложи донесувањето на овој закон. Па не се будали граѓаните во Република Македонија

не се сите она за да имаат пастир. Овој закон е на јавна расправа само врз база на барањето на пратеничката група на СДСМ. Да се дебатира да се бара одлагање на ваква криза, економска и финансиска, да не бидеме слепи при очи, глуви при уши. Туку да видиме реално што се случува во Република Македонија. Само така ќе бидеме коректни. А не дека некој одлучил тоа да го одложи за 6 месеци. Во членот од Деловникот со што се регулира јавната расправа и тука не е доволно елаборирано членот 147 дава дискреционо право на мнозинството да одлучи дали јавната расправа ќе трае ден, месец или година. Или ќе трае онолку колку што ќе треба во предизборната кампања да се каже врз база на јавната расправа се одлага ова решение. За жал деновиве имаме еден наплив на несекојдневната дарежливост од страна на Владата. Уште капа на дедо мраз му фали на Владата и шаком и капом, а има некој на улица нешто му се дава. Така со пазарџиите, така со овој закон, со било што, ама таму каде што и треба за кампањата за да спрежат еден успешен градоначалник, или ако сакаат да му ги нарушат активностите на еден успешен градоначалник, во Охрид се блокира Комуналец. Што ако е Нова година. Него може да му се блокира, а во Центар на Советот на општината дава одлука Владата дека се ослободува од комуналии. На најсиромашните ќе им праќаме извршители да им ја земат цела покуќнина затоа што не ја платиле сметката за електрична енергија.

Затоа овој закон има смисла да се донесе кога ќе се донесе Законот за заштита од енергетска сиромаштија. Реалноста во Република Македонија е дека Законот за енергетика ја покачи електричната енергија, таков каков што е направен. Многу граѓани не можат да си ја плаќаат електричната енергија и нема смисла носење на ваков закон ако минимум државата не се обидува да им помогне на најсиромашните 50 илјади сесмејства, социјални случаи во Република Македонија кои што не можат крај со крај да поминат низ месецот, а како да ја платат електричната енергија.

Затоа се надевам дека ќе воспоставиме еден терк претседателе во однос на јавната дискусија, бидејќи не е дефиниран рокот. Ако воспоставиме една пракса да важи за сите закони. Недоречен е тука членот 147, но во овој момент во интерес на јавноста сакам да соопштам дека не пости нешто што овој закон го одложува за 6 месеци. За жал министерот за правда ја злоупотреби својата позиција и на прес конференцијата кажа неточна работа, која што не е во реалноста. Дали за овој закон јавната расправа ќе заврши во март или во мај така ќе биде и решението за жал, дали ќе треба да се донесе одлагањето или не треба да се донесе одлагањето.

Затоа, апелирам на Владата да го препишат нашиот закон за енергетска сиромаштија, да го донесат по нивни предлог, а овој закон ако сакаат навистина да го одложат да го повлечат. Тоа е реалниот потез што треба да го направат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам во еден сегмент од излагањето на господинот Јани Макрадули затоа што тој еден сегмент мислам дека беше само маркетиншки потег за подобрување на она што се нарекува нивниот рејтинг од 6, нешто можеби ќе слезе на 5%.

Господине Макрадули ние како Влада, поточно Владата на Република Македонија и претседателот Груевски се залага за она што се нарекува заживување на правна држава,

Господине Макрадули спомнувате некои информации кои што се тотално дезинформација за јавноста и ќе напоменам дека блокирањето на жиро сметката на Охридски комуналец е од една причина што не го платила данокот спрема државата. Јас господине Макрадули ќе ви кажам тука факти.

Опомена од претпријатието Проаква за 51 денар заостанување на долг, кој што го дава на суд за неплатени извршени обврски.

Еве ви и друго, еве ви и трето (покажува некои документи), значи луѓето кои што не плтиле се должни да платат. Ако јас го платам данокот спрема државата должно е секое јавно претпријатие и секој приватник да го плати тоа. Не можеме да опростуваме на никој, да манипулираме со јавноста дека правиме одредени отстапки во интерес на граѓаните.

Отстапките во интерес на граѓаните се немојте на картиците да го пишувате долгот на одредени ваши политичари и познати активисти во СДСМ. Немојте да ги злоупотребувате и да ги анулирате вашите долгови спрема државата. Немојте да ги бришете се она што го должите спрема држвата или касата на државата треба да се полни од граѓаните, од сите оние граѓани кои што се заслужни во оваа држава.

На крајот немојте да ја крадете државата затоа што ќе ви го извадам и ова што е како записник, каде што е крадец вашите функционери од СДСМ ја крадат државата. Тука господине Макрадули имате со печат и потпис од релевантна институција дека сте направиле грабеж (покажува некој документ). Не вие господине Макрадули, вашите функционери и вашите градоначалници во Охрид и ширум Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас ќе одговорам во два дела.

Прво министерот Маневски како што кажа, претпријатијата не треба да чекаат да им се соберат многу барања за наплата, туку треба тоа да го прават континуирано. Овие што го послушале министерот Маневски, се криви затоа што тоа го прават континуирано, како што тој на

телевизија зборуваше дека не треба да чекаат да се наталожат.

Јас зборувам за двојните аршини во овој момент. Општина центар на Владата и опростува комуналии за три објекти, а Владата за да направи притисок, сигурно нема тука некој човек што мисли дека случајно пред Нова година е блокирана сметката на Комуналец во Охрид. Ама што сакате да направите ќе изгубите. Што и да направите, сите попотекло што се од Охрид, претседателот на Собранието, сите да дојдат таму џабе ви е, а доколку вие имате податоци за криминал, а не сте ги доставиле до госпоѓица Гордана Јанкуловска сте соучесник во ова. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги се јавив за дискусија од причина што мислам дека дискусијата иде во погрешен правец и може граѓаните да ги доведе во заблуда што всушност се предлага со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување.

Овие предмети што се наведени во образложението на Предлогот веќе се во судска постапка. Значи, дали ќе бидат завршени порано или подоцна, сега тоа е прашање и се зазема една теза дека утре кај сите должници извршителот ќе тропне на врата и ќе настане една катастрофа и за државата и за граѓаните и се ќе иде бестрага.

Па, сега можеби по вас е така, меѓутоа ако го прочитате законот ќе испадне дека не е така. Јас морам да ви кажам дека извршувањето иде во две фази.

Прво, треба да се донесе решение за дозвола за извршување, па дури тогаш се пристапува кон вистинското извршување, со тропање на врата или со било што.

Колеги, со овој закон се предлага дозволите за извршување, кои што досега беа во надлежност на основните судови да се префрлат кај нотарите. На таков начин да се растеретат судовите од предметите по кои што практично судии не постапуваат, туку администрацијата, а се водат како балас на судовите и секаде во извештаите како бројка стојат дека се тоа предмети на судовите.

Целата работа и целата трансформација се состои во тоа. Значи, допрва оние предмети што почнува постапката ќе си завршат пред судовите. Оние што се поднесени предлози за извршување и тие се веќе процесуирани, по нив е прекинат теков на рокот на застареност. Значи, нема тука начин да се ослободат било кои должници од плаќање на своите должности ако навистина се должни, ако не поднесат приговори, а ако се поднесат приговори тогаш се води редовна судска парнична постапка, па дури ако се дојде до правосилна пресуда тогаш се иде на чинот на извршување кај извршителите, а не кај нотарите.

Зачи, нотарите нема да спроведат извршување. Нотарите со овој закон се предвидува само врз основа на веродостојна испрва, а тоа се исправи како што се фактура, меница, чек и други пропишани со законот да се дозволи извршување. Притоа, ќе се дозволи целата постапка, како што пред судовите е пропишано во однос на должникот да има право да ги штити своите права во извршна постапка со поднесување на приговори на дозвола на извршување на начин за извршување на спогодување во тек на извршување и сите тие работи кои што во законот се пропишани.

Според тоа, во никој случај граѓаните не треба да се плашат дека нешто ќе им се случи со донесување на овој закон, туку се предвидува тие предмети да се префрлат од судска надлежност во надлежност на нотарите.

Притоа, морам да укажам дека се очекува што е добро и за доверителите и за должниците, натамошната постапка, или новите постапки кои што ќе бидат спроведени од нотарите ќе се одвиваат побрзо, заради тоа што тие предмети ќе се распоредат на сите нотари, кои што се во подрачјето на судот од кој што се преземаат предметите. Меѓутоа треба да се знае и тоа дека оние предмети кои што се наоѓаат пред судовите нема да ги поделат самите судови на нотарите, туку ќе бидат повикани сите доверители да се изјаснат во рок од 6 месеци на кого да се префрли тој предмет за натамошна работа.

Според тоа, почитувани колеги сето ова што вие го зборувате или правите дезинформација и стравови кај јавноста и кај посиромашните луѓе дека ќе им дојдат извршители на врата не е точно. Особено сега, со одржување на јавната расправа рокот за донесување на Законот се пролонгира. Откако ќе поминат сите процедури во комисиите и во Собранието се остава 6 месеци доверителите да се определат кај кој нотар постапката ќе продолжи. Според тоа во никој случај не може да очекуваме пред истекот на 8 - 9 месеци па и 10 и година дена, дека овој закон ќе дојде во примена.

Меѓутоа ни се поставува и ова прашање. Сакаме ли ние правна држава за која што сите се залагаме. Сакаме ли ние доверителите да си дојдат до своите права, што побрзо да си го наплатат своето побарување? Сакаме ли ние да избегнеме тек на каматите, кое што е на товар на должниците, што не е добро за нив, заради тоа што каматите се големи, станува збор за затезна камата која се наплатува во случај на доцнење во исполнувањето. Затоа што, со поднесување на Предлог за извршување пред судовите со овие бројки што ги покажувавте е прекинат рокот на застареност, каматите течат колеги. Според тоа, и во интерес е на самите должници оваа постапка да се спроведува пред нотарите.

Од друга страна, социјалните моменти не се решаваат со овој закон. Никој со овој закон не предвидува дали некој ќе му прости долг на некого, или ќе му го земе тој долг и ќе го плати наместо должникот. Ниту тоа постои со сегашното

законско решение на законот за извршување, бидејќи ништо не е променето во законот за извршувње освен тоа што работата од судовите е префрлена на нотарите. Сега се плашите вие дека нотарите веднаш предметите ќе ги земат, преку ноќ ќе издадат дозвола за извршување. Тоа законот не го дозволува почитувани колеги.

(Дофрлување од место - а награда).

Награда да. Ако вие не сте должник, или си го платите долгот нема да плаќате, а дали може или не можат не го решаваме со овој закон. Тоа се социјални проблеми кои овој закон ниту може ниту има намера да ги реши, а ниту пак вие со тоа што ги плашите граѓаните ќе им помогнете на некој начин. Едноставно да ве известам дека на Законодавно-правната комисија едногласно се заклучи дека ова законско решение е добро, тоа е во интерес на реформите во судството, на растоварување на судството, на забрзување на постапката за дозвола за извршување, не за извршување, затоа што извршувањето го спроведуваат извршителите, а не нотарите, па според тоа единствено беше забелешка да се одложи стапувањето на сила на овој закон.

Тоа нешто, одложувањето стапувањето на сила на овој закон може да го направиме ако оцениме ако пребрзо дојде кризата и кај нас, ако пребрзо дојде законот, ако евентуално пребрзо се врати предметот од јавната расправа, тогаш со амандмани драги колеги можеме да предложиме да се помери датумот на стапување на сила на предметниот закон.

Инаку, едногласно беше оценето дека ова законско решение е во интерес на Република Македонија во интерес на сите граѓани на Република Македонија заради тоа што сите договорни обврски, повеќе правници се од левата страна, гледано од тука, треба да се почитуваат, а непочитувањето значи присилна наплата и присилно извршување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, тешко и вие ги издржавте овие 10 минути. Вака пригодно предавање станува јасно зошто колегата Влатко Ѓорчев има уплав од парнична, вонпарнична и извршна постапка. Влатко, не е толку тешко како што зборува госпоѓата Дулиќ. Ако е вака како што зборува Дулиќ тогаш е јасно зошто имаш уплав од последниот предмет, пред дипломирање.

Но, да се вратам на реалноста, иако е тешко министре со вас да се дискутира после толку демонстрирана злоба кон мене. Вие не може толку да бидете злобен колку што јас можам да бидам културен, а за довербата кој кому верува, верувам овие млади кадри како вас ќе истрчаат ако не на локалните и на претседателските избори на идните парламентарни избори.

Кажете каде сакате да ја измерите довербата со мене, ако имате доверба 78%. Но, вие знаете дека не е така. Како што им прекипе на новинарите, па ве подбраа, доаѓа време кога ќе се прелее чашата кај судиите, обвинителите и сите оние кои во стегите кои вие ги применувате во последните две и пол години сметате дека не можат да говорат во јавноста. Не говореа ни медиумите, но вчера го слушнав Илија Димовски кој рече веќе нема да ве тужиме за навреда и клевета и без мислосно да не критикувате. Бидејќи, мене не ми верувате, јас сега ќе искористам и ќе читам, ќе цитирам еден напис од Време кој го напиша не Влатко Ѓорчев, туку Владо Ѓорчев, новинарот. Почнува вака:"граѓаните можат да здивнат, тие се уште ги немаат платено заостанатите сметки ќе си ја зачуваат покуќнината за 6 месеци. Министерот за правда си даде за право да ги одложи измените поради притисокот на јавноста. Но, до пред неколку дена пак измените на Законот за извршување беа завршена работа и само формално требаше да се најдат пред пратениците колку за изгласување. Тогаш министерот Михајло Маневски кој почна да дели нови решенија за нотари и за извршители велеше дека нема откажување од реформите. Судовите се покажале не ефикасни во спроведувањето на извршните постапки, повеќе од 300 илјади незавршени предмети лежат во судските фиоки. Но, зошто некој мисли дека за 6 месеци ќе се смени ситуацијата и сите ќе ги подмират заостанатите сметки-вели новинарот Ѓорчев. Дали дотогаш ќе се зауздa светската криза за која експертите тврдат дека нашава земја ќе ја зафати токму во средината на 2009 година. Нема ли тогаш да биде уште потешко да се протурка овој закон, и констатира новинарот- законите навистина мора да се почитуваат, тоа велиме и ние од опозицијата. И за користењето на комуналните услуги и на сите други неопходни давачки за секојдневната живеачка мора да се плати. Но, оваа држава очигледно не е секогаш до крај свесна во каква состојба се поголемиот дел од нејзините граѓани. Затоа, за сите - ова е порака до вас министре - за сите европски закони кои треба да се носат мора пред се да се обезбеди европски стандард за живот, па нема да има проблем, тогаш и граѓаните да си ги платат сметките". Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор г-ѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам г-дине претседателе.

Јас сега ќе се повторам, она што го кажав пред некој ден кога имавме Законодавна правна комисија. Не сакам никој да ме разбере погрешно, потполно сум согласна дека треба да се обезбедат механизми кои ќе дадат поголема ефикасност на судството. Во моментот овој механизам кој се предлага во измените на Законот за извршување, сметам дека не се дадени во тајминг кој е соодветен, пред се точка.

Како социјална држава навистина сме должни да водиме сметка како 2009 година т.е. како кризата ќе ја преживеат нашите граѓани. Во контекст на тоа податоците кои, а ќе зборувам исто така врз

основа на податоците кои се дадени во образложението ми даваат за право да констатирам дека станува збор за една застрашувачка бројка од 320 илјади предмети засновани врз основа на веродостојни исправи од кои како што вие таму констатирате над 77% од предметите се однесуваат на комунални долгови од страна на граѓаните на Република Македонија. Тоа значи и тоа апсолутно не може никој да го преиначи, тоа значи дека овој закон веднаш ќе ги стави на удар пред се најсиромашните граѓани во Република Македонија. Спомнав на Комисијата, ќе повторам и сега, македонскиот граѓанин не сака да должи и не сака да му тропаат извршители, нотари, извршители на врата за долговите кои ги има. Ние мораме да си поставиме прашање пред себе зошто еден голем дел од македонските граѓани не се во состојба да си ги намират своите обврски. Што државата може да направи за сите тие луѓе за да можат да живеат нормално. Дали ние како држава сме должни да ја заштитиме основната клетка, а тоа е семејството. Знаете ли што значат вакви неизвршени предмети и што ќе значат утре за еден голем дел на македонски семејства. Треба ли да ги однесеме во стечај. Што ќе се случи ако еден дел од македонските семејства само заради такви нивни обврски кои од разни причини не можат да си ги намират, дојдат во незавидна ситуација. Не е во прашање само долгот што тие граѓани го имаат. Пред се, во прашање се новите обврски со овој механизам кој се предлага и кои ќе им се наметнат, пренесувајќи ги овие предмети кај нотарите. Ние ќе ги обремениме тие луѓе со еден куп нотарски награди и долгови кои не се такви ако предметите се решат во судовите. Нема да бидат неколку кратно повисоки. Зошто во еден ваков период кој го бараме од една година не се инсистира предметите да се завршат во судовите и луѓето да не плаќаат толкави обврски. Или може да се бара начин, полека ако на јавната расправа се покаже дека тоа е најдобриот механизам да се најде начин како тие нотарски награди да личат да бидат соодветни на буџетот на македонскиот граѓанин. Факт е дека на тој начин ќе биде поефикасно судството, поготово кога станува збор за овие предмети, но факт е дека македонскиот граѓанин многу брзо ќе биде ставен на дополнителни трошоци кои нема да може да ги поднесе. Токму тоа една социјална држава води сметка. Води сметка кога носи закони ако тие закони удараат врз своите граѓани, поготово во еден период за кој сите зборуваат, цел свет, а не можеме и ние да се оглушиме кога доаѓа и веќе е тука на вратата. Ако 12 илјади луѓе меѓу време ви се оставени без работа, значи економската криза е тука. Не може државата да не води сметка за тие граѓани.

Беше предложен Закон за енергетска сиромаштија. Таков еден закон морате да ставите на дневен ред сакале или не. Тоа што под притисок веќе дојдовте до заклучок дека има потреба од јавна расправа, ако таа јавна расправа не биде добро организирана нема да донесе никаков резултат. На јавната расправа треба да ги отвориме двете прашања.

Прво, дали е тоа најдобриот механизам кој може да се понуди. Можеби требаше јавна расправа претходно да се отвори, да се поразговара кој механизам може да биде најсоодветен, а да не бидат на удар и сите оние должници кои, да се повторам уште еднаш не сакаат да должат.

Затоа, министерот за правда треба да има задача и во овој период додека ќе трае јавната расправа да размисли дали е ова најдобриот начин, а Владата исто така треба да си земе за задача да види кој механизми треба да ги обезбеди, пред се, да си ги заштити своите граѓани. И од сопствените закони кои ги носи, нормално во насока на поефикасна правна држава, но не може да не води сметка од граѓанинот на Република Македонија.

На крајот би сакала да ја искористам говорницата од име на НСДП од сите граѓани на Република Македонија да им ја честитам Новата година и да им посакам поуспешна и побезгрижна година и им посакувам 2009 година да ја поминат колку е возможно подобро. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за политички систем и односи на заедниците како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. По Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување да се спроведе јавна дискусија.

3. Собранието на Република Македонија ја определува Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците да ја организира јавната дискусија по Предлогот на законот и на Собранието да му достави извештај за резултатите од јавната дискусија заедно со Предлогот на законот за второ читање.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 49 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против 8 пратеници.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата нема доволно број пратеници за да биде полноважно гласањето.

Во моментот има пеку 61 пратеник.

Го повторувам гласањето.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гасаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласаа 53, 8 пратеици против, воздржан нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 14 - Барање за давање на автентично толкување на член 6 точка 23 од Законот за персоналниот данок на доход, а во врска со членот 97 од Законот за работните односи, поднесен од пратеникот Дарко Димитриевски**

Барањето за давање на автентично толкување, извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по барањето за давање автентично толкување, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 6 точка 23 од Законот за персонален данок на доход, а во врска со член 97 од Законот за работните односи, поднесен од пратеникот Дарко Димитриевски, не е оправдано, и нема потреба од автентично толкување на овој член од Законот од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија .

Овој Заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Дарко Димитриевски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 15 - Барање за давање автентично толкување на член 11 од Законот за јавна чистота, поднесено од градоначалникот на Општина Василево.

Барањето за давање автентично толкување и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес .

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по барањето за давање автентично толкување да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 11 од Законот за јавна чистота, поднесено од градоначалникот на Општина Василево не е оправдано и нема потреба за автентично толкување на овој член на Законот од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој Заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Василево.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Тука ја прекинувам седницата.

За продолжението на седницата дополнително ќе бидете известени штом се создадат деловнички можности.

Колеги, дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам претстојните празници 1 јануари, Нова Година и Божиќ, првиот ден на Божиќ, 7 Јануари,според православниот календар.

Исто така, на верниците од православната вероисповест да им го честитам претстојниот празник Бадник, ден пред Божиќ.

Ви благодарам.

(седницата заврши со работа во 16,00 часот).